# ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - __________*
*_______ 2016 година*
*С к о п ј е*

*ЗАПИСНИК*
***од CCVI-та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***
*одржана на 19 август 2016 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски,  претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член.*
- *Д-р Тања Дејаноска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. На почетокот утврди дека се присутни шест членови на Управниот одбор со што условите*

*за полноважно работење и одлучување се исполнети, а потоа го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
2. *Разно.*

*Управниот одбор едногласно го усвои предлогот со што за работата на CCVI-та седница се усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

1. *Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
2. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Правилник за изменување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Директорот Стефаноски наведе дека се предлага Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала кој беше донесен на седницата одржана на 17 август да се стави вон сила поради недоволно јасната формулација на одредбата која уредува за каков вид на анекси на договорите не е потребно да се објавува оглас. Оваа формулација може да предизвика нејаснотии во примената поради што се предлага правилникот да се стави вон сила а да се усвои нов Правилник за изменување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала со кој на посоодветен начин ќе бидат изразени измените на членот 11.*

*По дискусијата на членовите на Управниот одбор која следуваше по објаснувањето на директорот Стефаноски, предлогот беше ставен на гласање.*

*По предлогот гласаа „За“ Ангел Митевски, Љубиша Каранфиловски, Ненад Гавриловиќ, Тања Дејаноска и Бистра Ангеловска, додека Елена Трпковска беше воздржана.*

*На тој начин, Управниот одбор со мнозинство на гласови го стави вон сила Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за*

*остварување на право на ортопедски и други помагала кој беше донесен на седницата одржана на 17 август и го донесе предложениот*

**Правилник**
**за изменување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала**

*За точката 2 – Разно, не беа дадени предлози за разгледување, поради што со донесувањето на одлуката од точката 1 дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 12.30 часот заврши со работата на CCVI-та седница.*

*Записничар,*
*Христо Трповски*

*Управен одбор*
*Заменик на претседателот,*
*Ангел Митевски*

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*